**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ВКУПНА ПОВРШИНА И ПРОИЗВОДСТВО НА ЖИТНИ КУЛТУРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2019 - 2021 ГОДИНА

**-КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА-**

*Скопје, септември 2023*

Предмет на кратката информација е вкупната површина и производството на житни култури во Република Северна Македонија за период 2019 - 2021 година.

Оваа истражувачка работа е изработена по **сопствена иницијатива** на Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.
Од вкупните обработливи површини во 2021 година ораниците и бавчите зафаќаат 416.714 ха или 80,6%, ливадите 59.301 ха или 11,5%, лозјата на 23.776 ха или 4,6% и овоштарници на 16.942 ха или 3,3%. Во структурата на засеаната површина во 2021 година, 58,2% отпаѓа на житни култури, 18,7% на градинарски култури, 15,3% на фуражни култури и 7,8% на индустриските култури.

Житните култури во 2021 година се застапени на 161.441 ха, што претставува зголемување за 2.382 ха или за околу 1,5% во споредба со 2020 година. Истото се должи на зголемените површини со пченица за 0,8% или за 603 ха и на јачменот за 6,4% или за 2 879 ха. Намалување на засеаните површини кај ‘ржта е за 3,7%, кај овесот за 11%, кај пченка за 5% и кај оризот за 2%[1].

[1] ГОДИШЕН ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИЗВЕШТАЈ 2021 ГОДИНА на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија https://zpis.gov.mk/Documents/3

Графикон бр. 1 Вкупна површина на житни култури (ха) во Република Северна Македонија 2019 - 2021 година



Графикон бр. 2 Вкупно производство на житни култури (тони) во Република Северна Македонија 2019 - 2021 година



*Напомена:*

*За изработката на оваа кратка информација користени се податоци од Годишниот земјоделски извештај од 2021 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, додека на официјалната интернетска страница (Макстат базата) на Заводот за статистика на Република Северна Македонија ги нема податоците за 2022 година за сите житни култури.*

Изработил: Славчо Маркоски

Одобрила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

__________________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384